ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09-357/10

Дата: 14.04.2011

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ЕНДОКРИНОЛОГИЈА, ДИЈАБЕТЕС И МЕТАБОЛИЧКИ НАРУШУВАЊА СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не бевме во можност да изразиме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, а за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, рефлектирани во финансиските извештаи за 2009 година изразивме негативно мислење.

Воспоставена е пракса издавањето на лекови и медицински потрошен материјал од магацинот за потребите на организационите единици, да се издаваат по пат на требување и испратници, при што се врши веднаш намалување на залихите на лекови и медицински потрошен материјал, без разлика што истите сеуште не се потрошени и се на залиха во пооделните организациони единици, со што се создава висок ризик од злоупотреба на

наведените лекови и медицински потрошен материјал за приватни цели и можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.
Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со Универзитетката клиника да превземат мерки и активности за интегрирање на софтверот за материјална евиденција на залихата на лекови и медицински материјали со софтверот за амбулантско и болничко работење каде се искажува реалниот потрошок во пресметките за извршени здравствени услуги.

Со ревизија на извршените здравствени услуги на осигурените лица во специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита на товар на средствата за задолжително здравствено осигурување согласно Договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во болничката здравствена заштита склучен со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст ФЗОМ), ревизијата констатира извршување на услуги кои не се предвидени со предметот на склучениот договор, висината на надоместокот од наведениот договор не е утврдена согласно критериумите од Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита, не е извршена распределба на одобрените средства од ФЗОМ за набавка на лекови за инсулинска терапија и тоа на потребни средства за вршење на основната дејност и на средства за набавка на инсулинската терапија за потребите на Здравствен дом Скопје.
За извршената набавка на инсулинската терапија за потребите на Здравствен дом Скопје, констатиравме дека Универзитетската клиника набавката на инсулини, инсулински игли и глукагон во периодот од април 2008 година до септември 2009 година ја врши без да спроведе постапка за јавна набавка и по истата превземени се обврски во износ од 132.373 илјади денари. Оневозможено беше да се изврши верификација на документацијата за извршените набавки бидејќи истата е одземена од страна на Министерство за финансии, Управа за финансиска полиција.
Со донесувањето на Програмата за обезбедување на инсулин за 2011 година, снабдувањето со инсулинската терапија за потребите на пациентите регистрирани на територијата на Република Македонија ќе го врши Министерство за здравство, како централно тело за набавка. Вака централизиранаta набавка на инсулинската терапија од страна на Министерството за здравство, треба да овозможи најголема вредност за потрошените пари, заштеда на време и човечки ресурси, намалување на бројот на постапките за јавни набавки, како и постигнување поповолни цени за набавка на поголема количина од предметот на набавка.

Ревизијата препорачува Универзитетската клиника здравствените услуги да ги врши согласно дејноста за која е регистрирана и за кои склучила договор со ФЗОМ, а во годишниот план за приходи и расходи средствата да ги планира за реализација на вака договорените здравствените услуги. За извршувањето на здравствените услуги, доколку врши набавка на лекови за свои потреби и за потребите на други договорни органи, да ја примени групната набавка, како законски основ за реализација на набавките.

Министерството за здравство на дел од јавните здравствени установи (во понатамошниот текст ЈЗУ) има издадено решенија за вршење на фармацевска дејност - Болничка аптека. Со издадените решенија им се дозволува да основаат аптека, како вид на здравствена установа, по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови и тоа во однос на простор, опрема и кадар, врз основа на кое им се одобрува упис во Централен регистар на РМ.

Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, лековите, покрај тоа што се класифицираат како лекови што се издава во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во здравствените установи, од што произлегува, неминовно потребата за постоење на болничка аптека во рамките на универзитетските клиники, клинички и општи болници, здравствените домови. Ако се имаат во предвид Законот за здравствена заштита и Законот за лековите, ревизијата констатира дека законските одредби се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеките во состав на ЈЗУ, кои не вршат промет на мало туку истите се во функција на вршење на дејноста на јавната здравствена установа.

Здравствените установите во соработка со надлежните органи, Министерството за здравство и Бирото за лекови потребно е да превземат иницијатива за дополна на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничките аптеки, нивниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги вршат, односно сите права и одговорности.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 24-26 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Универзитетската клиника за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Проф. д-р Чедомир Димитровски в.д. директор на Универзитетската клиника од 06.02.2008 година до 07.12.2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетската клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија„ ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се заснована врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Не се обезбедени достатни и соодветни податоци за потврдување на залихите и потрошокот на лекови и медицински потрошен материјал на ниво на одделение, необезбедена документација за набавката на инсулини, инсулински игли и глукагон во периодот од април 2008 година до септември 2009 година. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме

доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.12.2010 до 30.12.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

За годините кои и претходат на годината, што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 03.02.2011 година.
На ден 01.04.2011 година примени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор заведени под бр. 09-357/9.
Примените забелешки се разгледани и констатирано е дека забелешката на точката 42.9. **не се прифаќа** поради тоа што доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата.
Упатената забелешка која е од технички карактер и се однесува на допрецизирање на формулација за вид на медицински потрошен материјал **се прифаќа** и истата се заменува во комплетен назив.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

## 4.1. Интерни контроли

### Процес на управување со готовинските средства

4.1.1. Универзитетска клиника нема пишани процедури за процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства на сметка во носителот на платниот промет и нивно евидентирање, како приход остварен по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени и по основ на партиципација. Поради отсуството на соодветни процедури и постапки за контрола на степенот на наплатените и уплатените средства по наведените основи, постои ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната како и ризик од можни злоупотреби на истите, кој овозможува незаконско и ненаменско користење на средствата.

Ревизијата со спроведените детални тестирања не констатира неправилности во однос на законското и наменското располагање со готовинските средства.

### Процес на јавни набавки

4.1.2. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки, констатирано е дека воспоставените контролни системи не се доволни за да се избегне ризикот од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во наведениот процес, односно набавката на стоки, услуги и работи да се врши по најповолни цени и услови, превземањето на обврските да биде во рамките на обезбедените финансиски средства, како и да се врши следење на реализацијата на склучените договори.

### Процес на управување и евидентирање на залихи

4.1.3. Универзитетската клиника нема пишани процедури за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лекови и медицински потрошен материјал во рамките на магацинот и во рамките на секоја организациона единица одделно. Ваквата состојба предизвикува ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на Универзитетската клиника како и нивниот потрошок во текот на годината и постои можност од злоупотреба при нивно користење и располагање.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да превземат мерки за донесување и воспоставување интерни акти, кои ќе овозможат имплементирање на процедури во сите сегменти од работењето.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Актот за систематизација на работни места на Универзитетската клиника со кој се уредува внатрешната организација и систематизација на работните места, не предвидува опис и попис на работните места со кои ќе се утврдат работните задачи, одговорностите и овластувањата на вработените во организационите единици на Универзитетската клиника, што не е во согласност со член 12 од Статутот на Универзитетската клиника.
Некомлетноста на наведениот акт придонесува Универзитетската клиника да нема извршено поделба на надлежностите и одговорностите во рамките на организационата поставеност.
Со донесувањето на Законот за јавните службеници, вработените кои вршат работи од јавен интерес во дејноста на здравството стекнуваат статус на јавни службеници.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење на Универзитетската клиника, актите за систематизација на работните места да ги усогласат со законот и подзаконските акти.

4.2.2. Во текот на 2009 година функцијата директор на Универзитетската клиника ја врши едно лице, вршител на дејноста (в.д.) директор од областа на медицината што не е во согласност со член 137 од Законот за здравствена заштита согласно кој „Работоводниот орган на јавната здравствена установа се состои од две лица кои се подеднакво одговорни за работењето на јавната здравствена установа и за обврските што се преземаат во правниот промет. Едното лице кое се именува за директор треба да има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките науки,.... Другото лице кое се именува за директор треба да има завршено високо образование од областа на економските науки или јавно здравствениот менаџмент,.... .Неименувањето на потребните лица

кои го сочинуваат работоводниот орган на Универзитетската клиника оневозможува подеднаква одговорност на две лица во работењето и во превземањето на обврските во правниот промет.
До денот на вршење на ревизијата од страна на Управниот одбор на Универзитетската клиника распишани се два јавни конкурси за именување на Директор на Универзитетската клиника и тоа со дата 02.12.2008 година и 24.08.2009 година и по истите не е именуван Директор на Универзитетската клиника од страна на Министерство за здравство.
Министерството за здравство на ден 07.12.2010 година именува друго лице за вршител на дејноста (в.д.) директор од областа на медицината.

**Препорака:**
Министерство за здравство, заради непречено извршување на дејноста на Универзитетската клиника, да изврши именување и на второ лице како работоводен орган, а во законски утврдениот рок од шест месеци, по објавување на конкурс, да превземе мерки за именување на директор како работоводен орган.

4.2.3. Склучена е Спогодба за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците помеѓу Медицинскиот факултет Скопје и Универзитетската клиника, согласно која лицата вработени во Универзитетската клиника, а избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет (во понатамошниот текст лицата избрани во звања), правата и обврските од работен однос треба да ги остваруваат во двете установи, правото на плата и надоместоци на плата да го остваруваат сразмерно на работното време поминато во двете установи, а пресметката и исплатата треба да ја вршат двете установи. Ревизијата ги констатира следните состојби:

- лицата избрани во звања немаат засновано работен однос и немаат склучено договор за вработување со Медицинскиот факултет. Правата за плата и други права по основ на плата ги остваруваат согласно склучениот договор за работа со Универзитетската клиника, што не е во согласност со член 14 од наведената спогодба и член 28 од Законот за работни односи, согласно кој договорот за вработување треба да содржи

одредби за висината на плата, сразмерно на одредбата дали се работи за работен однос со полно или пократко работно време,

- за вршење на наставно-научни, научни и високообразовна дејност за лицата избрани во звања, Медицинскиот факултет на сметката на Универзитетската клиника трансферира средства за бруто плата во вкупен износ од 894 илјади денари.

  Универзитетската клиника овие средства (бруто износ) ги исплатува на лицата избрани во звања со посредство на друштво за заштита на авторски права.

Поради не извршено разграничување на времето поминато на работа во двете установи, како основа за исплата на плата, не склучени договори за вработување, согласно спогодбата, на оваа категорија вработени Универзитетската клиника исплатила плата за полно работно време и во исто време и надоместок на плата за часови на работа поминати на Медицинскиот факултет.

**Препорака:**
Универзитетската клиника и Медицинскиот факултет да ги продолжат отпочнатите активности за склучување на поединечни договори за вработување со лицата избрани во звања во двете установи, сразмерно на времето поминато за вршење на соодветната дејност.

4.2.4. Помеѓу Универзитетската клиника и ФЗОМ склучен е Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита со кои се уредени нивните меѓусебни односи, за обезбедување и извршување на здравствените услуги на осигурените лица. Цената по која се искажуваат здравствените услуги од областа на специјалистичко-консултативната е дефинирана во член 7 од наведениот договор односно истите се искажуваат според референтна цена за видот на завршената специјалистичко-консултативна здравствена услуга во апсолутен износ поодделно по дејности и специјалности, во која се вклучени трошоците на елементите кои учествуваат во цената.

Со извршениот увид во начинот на пресметување и фактурирање на здравствените услуги, ревизијата констатира дека фактурирањето за дел од извршените здравствени услуги (радиодијагностика) се врши по цени кои се утврдени со Одлуката за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничката здравствена заштита, иако за истите донесена е Одлука за референтни цени за здравствени услуги од радиодијагностика во која се утврдени референтните цени за

специјалистичко-консултативни здравствени услуги. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од склучениот договор и има за ефект нереално искажување на побарувањата за здравствени услуги, остварените приходи по тој основ и наплатената партиципација од страна на пациентите.

Ревизијата не дава препорака бидејќи во текот на 2010 година пресметување и фактурирање на извршените здравствени услуги од областа на специјалистичко консултативната здравствена заштита се врши согласно референтните цени од Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко-консултативното здравствена заштита-амбулантски.

4.2.5. За непречено извршување на здравствените услуги, во текот на 2009 година потрошени се лекови и медицински потрошен материјал во износ од 15.596 илјади денари. Воспоставена е пракса издавањето на лекови и медицински потрошен материјал од магацинот за потребите на одделните организациони единици, да се издава по пат на требување и испратници (испратниците се изготвуваат електронски и истите не се печатат), при што се врши веднаш намалување на залихите на лекови и медицински потрошен материјал, без разлика што истите сеуште не се потрошени и се на залиха во поодделните организациони единици. Евиденцијата за реалниот потрошок на лекови и медицински потрошен материјал е искажана во пресметките за извршените услуги одделно по пациент, за кои Универзитетската клиника нема податоци за потрошокот по вид на лек, медицински потрошен материјал за секое одделени одделно. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Ваквата состојба има за ефект ограничување на делокругот на работа, поради што ревизијата не беше во состојба да прибави достатни соодветни ревизорски докази за да изрази мислење за залихите во износ од 1.708 илјади денари како и за реалните расходи на лековите и медицински потрошен материјал.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да превземат мерки и активности за интегрирање на софтверот за материјална евиденција на залихата на лекови и медицински

материјали со софтверот за амбулантско и болничко работење односно со искажаниот потрошок во пресметките за извршени здравствени услуги.

4.2.6. Во известувачкиот период Универзитетската клиника на име надоместок за ангажирани лица преку агенции за привремени вработувања исплатила средства во износ од 1.742 илјади денари. Ангажирани се седум лица во текот на целата година за работни места кои се предвидени во актот за систематизација, без притоа Универзитетската клиника да обезбеди согласност за вработување од страна на надлежните органи односно од Министерство за финансии. Во текот на 2008 година и 2009 година Универзитетската клиника има доставено барања за вработување на 6 (шест) лица, за кои нема добиено согласност од надлежните органи. Ваквата состојба не е во согласност со член 19 од Законот за извршување на Буџетот на РМ и член 51 од Законот за буџетите. Утврдената состојба има за ефект незаконска исплата на средства и можност од субјективен пристап при одлучувањето за потреба од ангажирање на вработени.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника вработувањето на работници да го вршат под услов ако за тоа се обезбедени средства и согласност од надлежните органи, за работни места предвидени во актот за систематизација.

4.2.7. Универзитетската клиника нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Универзитетската клиника нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

**Препорака:**

Работоводниот орган на Универзитетската клиника, во актите за систематизација на работните места да предвиди и да основа единица за внатрешна ревизија.

**Набавка на инсулинска терапија**

4.2.8. Склучен е Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во болничката здравствена заштита помеѓу Универзитетската клиника и ФЗОМ, со кој се уредени правата и обврските на договорените страни, видот и обемот на договорените здравствени услуги, вклучувајќи го и начинот на фактурирање на извршените услуги како и начинот на нивното плаќање. Финансирањето се врши во рамките на утврдениот буџетски плафон по пат на пренесување на 1/12 од одобрените средства. Висината на надоместокот како договорен износ изнесува 175.200 илјади денари, кој во текот на 2009 година, поради намален вид и обем на здравствени услуги, согласно член 8 од склучениот договор, е намален за износ од 1.419 илјади денари, изнесува 173.781 илјади денари и истиот е исплатен.

Со ревизија на извршените здравствени услуги на осигурените лица во специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита, како и со увидот во Записникот за усогласување на меѓусебните права и обврски помеѓу Универзитетската клиника и ФЗОМ, констатирани се следните состојби:

- Универзитетската клиника во текот на 2009 година извршила здравствени услуги од областа на специјалистичко-консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита во износ од 44.112 илјади денари;
- средствата во износ од 129.669 илјади денари, како разлика помеѓу договорениот и одобрениот износ и извршените здравствени услуги, Универзитетската клиника ги користи за плаќање на обврски, превземени за набавка на инсулинска терапија за потребите на Здравствен дом Скопје.

Имено, почнувајќи од 01.08.2008 година Универзитетската клиника е носител на целокупната активност поврзана со третманот на осигурените лица заболени од дијабетес кои се на инсулинска терапија, а не Здравствен дом Скопје, согласно дописот од страна на ФЗОМ, број 07-5831/1 од 30.04.2008 година. Со овој допис се известува Здравствениот дом Скопје, дека во иднина Универзитетската клиника ќе биде надлежна установа за набавка на инсулинската терапија, со цел воспоставување на

единствена евиденција на осигурените лица кои се третираат со инсулинска терапија, следење и контрола на пропишувањето на истата. Универзитетската клиника со писмо број 0305/34 од 26.01.2009 година, се обратила до ФЗОМ со барање, во рамките на одобрените средства за 2009 година да го утврди износот од средствата кои ќе бидат наменети за набавка на инсулинска терапија за регистрираните пациенти во Здравствен дом Скопје. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на склучениот договор и има за ефект:

- извршување на услуги кои не се предвидени со предметот на склучениот договор, согласно кој Универзитетската клиника се јавува исклучиво само како давател на услуги во специјалистичко-консултативна здравствена заштита и болничка здравствена заштита на товар на задолжителното здравствено осигурување;
- висината на надоместокот од наведениот договор не е утврдена согласно член 4 од Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита, односно наведените критериуми: податоците за работењето на здравствената установа во последните три години, планираните податоци за остварувањето на здравствените услуги и финансиското управување, не се земени како основа за утврдување на висината на договорениот надоместок и
- Универзитетската клиника нема извршено распределба на одобрените средства од ФЗОМ за набавка на лекови за инсулинска терапија и тоа на потребни средства за вршење на основната дејност-услуги од областа на специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита, како и на средства за набавка на инсулинската терапија за потребите на Здравствен дом Скопје, поради необезбедени насоки од страна на ФЗОМ.

4.2.9. Со спроведената ревизија и извршениот увид во расположливата документацијата во Универзитетската клиника и Здравствен дом Скопје за извршената набавка на инсулинската терапија за потребите на Здравствен дом Скопје, констатирани се следните состојби:

- Универзитетската клиника без да спроведе постапка за јавна набавка, во периодот од април 2008 година до септември 2009 година набавката на инсулини, инсулински игли и глукагон ја врши врз основа на склучени договори со два економски оператори број 0307/105 од 08.04.2008 и договор бр. 0404/116 од 17.04.2008 година, избрани по спроведена постапка од страна на ФЗОМ во периодот 2007/2008 година - Меѓународен ограничен повик бр. 05-8160/2. Одредбите од наведените договори кои се однесуваат на предметот на набавка, начинот на фактурирање, плаќање и испорака, се превземени од склучените договори по наведениот Меѓународниот ограничен повик, додека цените на наведените лекови се утврдени на ниво на референтните цени. Во текот на 2009 година, Универзитетската клиника врз основа на овие договори превземала обврски во износ од 132.373 илјади денари. Со ваквиот начин на набавка не е овозможена јавност, транспарентност и конкурентност на економските оператори, како и ефикасно користење на јавните средства преку постигнување на најповолни цени за предметните набавки;
- заради верификација на превземените обврски за набавка на инсулинската терапија, ревизијата ја побара на увид документацијата за извршените набавки. Целосната документација (фактури, испратници) како поткрепувачка документација за превземените обврски не и беше доставена на увид на ревизијата, бидејќи истата е одземена со Потврда за привремено одземени деловни книги и друга документација од страна на Министерство за финансии, Управа за финансиска полиција, каде постапката е во тек;
- во евиденција на Универзитетската клиника воспоставена е финансиска евиденција на вкупните обврски за набавка на наведените лекови и нивото плаќање. Финансиска евиденција на залихата на инсулинската терапија не е воспоставена ниту во Универзитетската клиника ниту во Здравствен дом Скопје;
- во евиденцијата на Здравствен дом Скопје воспоставена е материјална евиденција за вкупниот прием и потрошок на инсулинската терапија, по вид, количина и пациент, која евиденција е достапна на Универзитетската клиника;
- не е извршен увид и контрола на документацијата во Здравствен дом Скопје, ниту од страна на Универзитетската

клиника ниту од страна на ФЗОМ. Согласно Известувањето од ФЗОМ од 30.04.2008 година, надлежна институција за целокупната активност поврзана со инсулинската терапија е Универзитетската клиника;

- не е извршен попис во магацините за инсулинска терапија во состав на Здравствен дом Скопје, за утврдување, мерење, пребројување или поблиско опишување на инсулинската терапија, нејзино внесување во пописните листи и искажување во извештајот за попис, поради што ревизијата не можеше да го потврди износот на залихата на крајот на годината;
- поткрепувачката документација – рецептите врз основа на кои се издава инсулинската терапија, се чува на несоодветни места, во кутии и истите не се доставуваат до ФЗОМ за контрола и
- со средства во износ од 129.669 илјади денари, дозначени од страна на ФЗОМ, за подмирување на обврските превземени за набавка на инсулинска терапија за потребите на Здравствен дом Скопје, истите не се подмируваат во целост поради што со ден 31.12.2009 година Универзитетската клиника има неплатени обврски во износ од 65.005 илјади денари, од кои за извршени набавки во текот на 2009 година износ од 48.006 илјади денари.

Со донесувањето на Програмата за обезбедување на инсулин за 2011 година, снабдувањето со инсулинската терапија за потребите на пациентите регистрирани на територијата на Република Македонија ќе го врши Министерство за здравство, како централно тело за набавка. Вака централизираната набавка на инсулинската терапија од страна на Министерството за здравство, треба да овозможи најголема вредност за потрошените пари, заштеда на време и човечки ресурси, намалување на бројот на постапките за јавни набавки, како и постигнување подобри цени за набавка на поголема количина од предметот на набавка.

**Препорака:**

Универзитетската клиника да превземе мерки:

- да врши здравствени услуги согласно дејноста за која е регистрирана и за кои склучила договор со ФЗОМ;
- во годишниот план за приходи и расходи средствата да ги планира за реализација на договорените здравствените услуги и

- доколку врши набавка на лекови за своите потреби (за извршување на здравствени услуги) како и за потребите на други договорни органи, односно во име на група на договорни органи, да ја примени групната набавка, како законски основ за реализација на набавките.

Министерството за здравство, како централно тело за набавка на инсулинската терапија да превземе мерки и активности за контрола на целокупната количина на препишаниот и издадениот инсулин во ЈЗУ.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Во деловните книги на Универзитетската клиника евидентирани се материјални средства/градежни објекти чија сегашна набавна вредност изнесува 2.086 илјади денари. На ревизијата не и се презентирани уредни и веродостојни документи дека надлежните органи ги превземале потребните мерки за запишување на правото на користење или сопственост на наведените градежни објекти во јавните книги и правото на користење на земјиштето на кое истите се изградени. Утврдената состојба не е во согласност со член 120 од Законот за катастар и член 12 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Непревземените активности за запишување на правото на користење или сопственост на недвижностите и обезбедување на веродостојни документи-имотен лист создава ризик од нереално и необјективно прикажување на материјалните средства во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да ги превземат потребните активности за обезбедување на потребните акти и да извршат упишување на правото на сопственост или користење на недвижностите.

4.3.2. Со ревизија на побарувањата за партиципација - учество на осигуреното лице со лични средства во цената на здравствените услуги и на лекови, констатирано е следново:

- не е воспоставена евиденција за побарувања на средствата од партиципација од секоја организациона единица – одделение поодделно и
- побарувањата за партиципација сметководствено се евидентираат во висина на износот на уплатените средства од страна на организационите единици-одделенија, а не во висина на износот на пресметана партиципација,

што не е во согласност со член 18 од Договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита.

Непочитување на одредбите од договорот, придонесува Универзитетската клиника да нема сметководствена евиденција за обврските за пресметана партиципација на секоја организациона едница-одделение поодделно, како и за реалниот износ на средствата од партиципација кои остануваат на користење на Универзитетската клиника.

Ревизијата не дава препорака бидејќи од страна на Секторот за економско-сметководствено работење во текот на 2010 година воспоставена е сметководствена евиденција на пресметаната и наплатената партиципација во секоја организациона единица поодделно.

4.3.3. Универзитетската клиника извршува здравствени услуги по Националните превентивни и куративни програми за здравствена заштита за 2009 година и тоа во делот Шеќерна болест – дијабетес меллитус. За извршените здравствени услуги Универзитетската клиника не доставува фактури до Министерство за здравство, ниту доставува извештаи за реализација на активностите предвидени со Програмата што не е во согласност со одредбите од наведената програма. Од страна на Министерство за здравство по горенаведениот основ трансферирани се средства во вкупен износ од 2.144 илјади денари, евидентирани во деловните книги како приход, без притоа да се искажани/евидентирани побарувања за извршени здравствени услуги по програми. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и влијае за нереално и необјективно прикажување на билансните позиции во финансиските извештаи.

Ревизијата не дава препорака бидејќи од страна на Секторот за економско-сметководствено работење во текот на 2010 година воспоставена е сметководствена евиденција на побарувања за извршени здравствени услуги по Националните превентивни и куративни програми за здравствена заштита за 2010 година и тоа во делот Шеќерна болест – дијабетес меллитус.

**Биланс на приходи и расходи**

4.3.4. Врз основа на буџетскиот плафон утврден од страна на ФЗОМ со Одлуката за утврдување на буџетски плафони на ЈЗУ за 2009 година, Универзитетска клиника изработува Финансиски план на одобрените средства за 2009 година (Проекција на приходи и расходи) со утврдени намени за нивно користење. Во текот на 2009 година, поради намален обем на извршени здравствени услуги, од страна на Управниот одбор на ФЗОМ извршено е намалување на буџетскиот плафон во износ од 1.419 илјади денари, за кој износ не е извршено усогласување на финансискиот план, што не е во согласност со Законот за буџетите. Исто така во текот на 2009 година остварени се приходи во износ од 5.642 илјади денари над планираниот износ, без притоа да се изврши измена и дополна на финансискиот план. Ваквата состојба придонесува Универзитетската клиника да нема увид во наменското користење на средства.

Со измените на Законот за здравственото осигурување, почнувајќи од 01.01.2011 година, се менува системот за финансирање на ЈЗУ, во однос на начинот и роковите на изготвување на годишниот план за приходи и расходи, негово донесување, извршување, изменување и дополнување.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да вршат измена на годишниот план за приходи и расходи по видови намени, согласно одобрените средства.

## 4.4. Користење на средства согласно законски прописи

4.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, спроведени во 2008 и 2009 година, извршивме ревизија на 12 постапки од вкупно 23 спроведени постапки. Опфативме 92% од вредноста на склучените договори во износ од 159.753 илјади денари, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради следново:

- Планот за јавни набавки не е донесен во согласност со утврдените средства за финансирање, односно истиот донесен е на повисок износ за 8.503 илјади денари, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки;
- Спроведени се постапка за јавна набавка на лекови и постапка за набавка на услуги за привремени вработувања во вкупен износ од 8.098 илјади денари кои не се предвидени во Планот за јавни набавки, односно без да биде извршена измена и дополна на Годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедени средства. Утврдената состојба не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки;
- Во една постапка за јавна набавка не се обезбедува усогласеност помеѓу износот наведен во Планот за јавни набавки и износот наведен во Одлуката за јавна набавка, односно Одлуката за јавна набавка е донесена на поголем износ за 1.000 илјади денари, од износот наведен во Планот за јавни набавки. Утврдената состојба не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки и
- Универзитетската клиника во известувачкиот период не воспоставила следење на реализација на договорите за јавна набавка. Утврдената состојба не е во согласност со член 29 точка 2 од Законот за јавни набавки. Со спроведените детални тестирања на реализацијата на склучените договори ревизијата не констатира превземање на обврски над вредноста на склучените договори.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да ги задолжат вработените одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените констатации, кои се однесуваат на необезбедени достатни и соодветни податоци за вкупната залиха и вкупниот потрошок на лекови и медицински потрошен материјал на ниво на одделение, небезбедена документација за набавката на инсулини, инсулински игли и глукагон до септември 2009 година, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2.4., 4.2.5., 4.3.1., 4.3.2., 4.3.3., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје, на ден 31 декември 2009 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Министерството за здравство на дел од ЈЗУ има издадено решенија за вршење на фармацевтска дејност - Болничка аптека. Со издадените решенијата им се дозволува да основаат аптека, како вид на здравствена установа, по исполнувањето на условите согласно Законот за лекови, и тоа во однос на простор, опрема и кадар, врз основа на кое им се одобрува упис во Централен регистар на РМ.

Согласно наведениот закон, според местото и начинот на издавање, лековите, покрај тоа што се класифицираат како лекови што се издава во аптека со и без рецепт, постојат и лекови кои се употребуваат само во здравствените установи, од што произлегува, неминовно потребата за постоење на болничка аптека во рамките на ЈЗУ, односно универзитетските клиники, клинички и општи болници, здравствените домови.

Ако се имаат во предвид следните аспекти:

- аптеките во Законот за здравствена заштита се предвидени како една од видовите на здравствените установи, самостојна установа, кои се основаат односно организираат за пружање на здравствена услуга, (член 95 од Законот за здравствена заштита),
- аптеката врши фармацевтска здравствена дејност, а особено врши набавка, сместување, чување, издавање, испитување и контрола на лекови, санитетски материјални средства и лековити супстанци, изработува магистрални лекови и галенски препарати, дава упатства за употреба на издадените лекови, набавува и издава средства за детска и диетална исхрана, ортопедски помагала, прибори и медицински инструменти, (член 111 од Законот за здравствена заштита) и
- во аптеките се врши промет на мало со лекови (член 82 од Законот за лековите),

можеме да констатираме дека наведените законски одредби се однесуваат за аптеките како самостојни здравствени установи, а не и за аптеките во состав на ЈЗУ, кои не вршат промет на мало туку истите се во функција на вршење на дејноста на јавната здравствена установата.

Согласно наведеното сметаме дека установите во соработка со надлежните органи, Министерството за здравство и Бирото за лекови потребно е да превземат иницијатива за дополна на законските решенија, во кои прецизно ќе се наведе начинот на организирање на болничките аптеки, нивниот статус во рамките на установата, видот и обемот на активности кои ќе ги вршат, односно нивните надлежности и одговорности.

6.2. Универзитетската клиника во 2009 година склучила договор за набавка на лек (Bonviva) по цена од 6.302 денари и 6.681 денари. Правните лица кои вршат промет со лекови се должни да ги продаваат лековите до висина на утврдените единствени цени, формирани од страна на Бирото за лекови, во согласност со Законот за лековите и медицинските помагала. Единствената цена за набавка на наведениот лек, утврдена од страна на Бирото за лекови, изнесува 7.667 денари. Од друга страна, утврдената референтна цена од ФЗОМ, со одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, која претставува максимален износ кој ФЗОМ го обезбедува односно плаќа на Општата болница, изнесува 2.324 денари. Поради набавка на лекот по цена која е за околу три пати повисока од референтната цена, Универзитетската клиника во текот на 2009 година има превземено обврски во повисок износ за 456 илјади денари. Набавката на лекот по наведената цена продолжува и во текот на 2010 година.

Ревизијата смета дека Министерството за здравство, Бирото за лекови и ФЗОМ, како надлежни институции, потребно е за лековите каде постои значително отстапување помеѓу единствената и референтната цена, да ги преиспитаат утврдените цени, да ги утврдат причините за вака големите разлики и да превземат мерки и активности за нивно усогласување. Овие состојби треба да се имаат во предвид и при изработката на Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите, која на предлог на министерот за здравство треба да ја донесе Владата на РМ, заклучно со февруари 2011 година.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 2,012 | 2,364 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 179,530 | 130,652 |
| **Вкупно приходи** | | **181,542** | **133,016** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 26,078 | 23,808 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 154,853 | 107,664 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **180,931** | **131,472** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4.1. | 468 | 1,387 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **468** | **1,387** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **181,399** | **132,859** |
| | | | |
| **Остварен вишок на приходи** | | **143** | **157** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 143 | 157 |
| Побарувања | 4.1.2. | 285 | 5,193 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 0 | 2 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 72,741 | 22,843 |
| Залихи | 4.1.5. | 1,707 | 1,929 |
| **Вкупно тековни средства** | | **74,876** | **30,124** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 5,824 | 6,922 |
| **Вкупно постојани средства** | | **5,824** | **6,922** |
| **Вкупна актива** | | **80,700** | **37,046** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 70,616 | 20,983 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 46 | 148 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.3. | 22 | 16 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 2,056 | 1,706 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 429 | 5,336 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **73,169** | **28,195** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 7,531 | 8,851 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **7,531** | **8,851** |
| **Вкупна пасива** | | **80,700** | **37,046** |

**ЈЗУ универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес**
**и метаболички нарушувања–Скопје**
Ул. Водњанска 17 МК-1000 Скопје • Тел 02/ 3147-281 • Факс 02/ 3212-480 • www.eklinika @ yahoo.com
info@endocrinology.org.mk • Хоспитален оддел 3147-264 • Центар за дијабетес 3147-263

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ЕНДОКРИНОЛОГИЈА,
ДИЈАБЕТЕС И МЕТАБОЛИЧКИ НАРУШУВАЊА
Бр. 0302/159
29.03 20 11 год.
СКОПЈЕ

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул.Македонија 12/3
1000 – Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 01-04-2011

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 09 | 357/9 | | |


Скопје,30.03.2011

Главен државен ревизор

Гѓа Тања Таневска,

**Предмет**: Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештај на ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија,дијабетес и метаболички нарушувања-Скопје за 2009 година

Врска Вашиот допис број 09-357/3 пд 04.03.2011 година,го користиме нашето право да Ве известиме за доле наведените забелешки по однос на вашиот Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештај на Клиниката за 2009 година.

1.Првата забелешка е од технички карактер и се однесува на непрецизната формулација дека Клиниката распишала јавна набавка за ,,инсулин,инсулински пумпи и глукагон,,.
**Исправо е: Инсулин,инсулински игли и глукагон**.
2.Клиниката има забелешка на вашите наводи во точка 4.2.9 (страница 14 и 15) каде е наведено :**,,Со ваквиот начин на набавка не е овозможена јавност,транспарентност и конкурентност на економските оператори и ефикасно користење на јавните средства преку постигнување најповолни цени на предметните набавки,, .**
Според наше мислење, Клиниката не ги нарушила наведените приципи за (транспарентност,конкурентност на економските оператори и ефикасно користење на јавните средства за набавки на инсулин,инсулински игли и глукагон) поради следните причини:
а) Во периодот кога ФЗО ги склучувал договорите за инсулин,инсулински игли и глукагон постојат само двајца економски оператори: ,,Реплек,, и ,,Д-р Пановски,, . Истите економски оператори делуваа и во периодот кога ги превземавме обврските од ФЗО **односно не постои трет оператор за овие лекарства.**
б) Цените на инсулините,инсулинските игли и глукагон **се идентични** и во потпишаните договори по основ на превземање на обврските од ФЗО како и во договорите потпишани по јавна набавка број 04/2009.

Затоа сметаме дека **не постои** нетранспарентност, фаворизирање на некој економски оператор од било кои причини **или пак не ефикасно користењење на јавните средства односно оштетување на државниот буџет од наша страна.**
За жал ,поради лош сплет на околности,без наша вина се создаде не типична ситуација.Од една страна бевме обврзани од повисоки инстанци(ФЗО и министерство за Здравство) да извршиме пререгистрација на пациентите со дијабетес во Скопје и изработка **на Регистер на овие пациенти (11.000 пациенти на инсулинска терапија)** за да се избегне нерационална потрошувачка на инсулини,а од друга страна, без овие податоци ,не бевме во состојба распишеме јавна набавка за инсулини по видови , потребни количини како и да ги определиме потребните финансиски средства за оваа намена.

Се надеваме дека нашите забелешки ќе бидат прифатени во конечниот извештај од ваша страна.

Со почит,

Проф Д-р Славица Шубеска Стратрова,директор в.д

Проф Д-р Чедомир Димитровски,екс директор

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Раководното лице, законскиот застапник на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања (во натамошниот текст Универзитетска клиника) за 2009 година, на ден 01.04.2011 година достави Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, кои се заведени под број 09-357/9 од 01.04.2011 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и констатира дека забелешката на точката 42.9. **не се прифаќа** поради тоа што доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата.
Упатената забелешка која е од технички карактер и се однесува на допрецицирање на формулација за вид на медицински потрошен материјал **се прифаќа** и истата се заменува во целосен назив во текстот на конечниот извештај.

Детални објаснувања за дадените забелешки се презентирани во продолжение како што следува:

1. Упатената забелешка на **точка 4.2.9.** која се однесува на начинот на набавката на инсулини, инсулински игли и глукагон за потребите на Здравствен дом Скопје, воспоставената евиденција на залихата на истите, расположливата докуменатција за извршената набавка, **не се прифаќа.** Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самиот извештај се наведуваат причините за утврдените состојби и превземените активности по утврдените состојби.

2. Упатената забелешка која е од технички карактер и се однесува на допрецизирање на формулацијата “инсулински пумпи”, **се прифаќа** и во текстот на конечниот извештај се заменува со формулацијата “инсулински игли”.